08-1452/6
20-11-2026

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата на 41-та седница одржана на ден 30.10.2026 година донесе:

О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 08-1452/1 од 18.03.2026 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со број 08-1452/1 од 18.03.2026 година како завршен да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Државната комисија за спречување на корупцијата по сопствена иницијатива, оформи предмет со број 08-1452/1 од 18.03.2026 година поради неподнесување на изјава за имотна состојба и интереси од страна на лицето _____ по избор на функцијата член на совет на Општина _____.

Државната комисија по извршен увид во базите на податоци со кои располага, констатираше дека _____ во законски предвидениот рок од 30 дена од денот на изборот на фукцијата член на совет на Општина _____, не поднела Изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата, со што постапила спротивно на одредбите од член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интерес и сторила прекршок казнив по член 109 став 1 алинеја 1 од истиот закон.

За констатираниот прекршок Државната комисија издаде Прекршочен платен налог со бр.08-1452/5 од 03.06.2026 година и истиот уредно го достави до сторителот на прекршокот на ден 09.06.2026 година видно од доставницата. Лицето во рок од осум дена од денот на приемот на налогот го плати износот на глобата за прекршокот и достави доказ за извршената уплата.

По плаќање на глобата лицето има поднесено Изјава за имотна состојба и интереси до ДКСК.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на одлуката.

Претседател

Адем Чучуљ

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје Shkup KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Republika e Maqedonisë së Veriut

Изготвил: К.Б., соработник
Контролирал: м-р Н.Т-М., раководител на одделение
Согласен: К.З., раководител на сектор
Одобрил: Член/Anëtar
Besnik Xhemaili